**20181753239**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Врз основа на член 182 став (5) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17 и 21/18), министерот за труд и социјална политика, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ, ПРОДОЛЖУВАЊЕ, ОБНОВУВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРИ НА УСТАНОВИ ЗА ДЕЦА, СТРУЧНИ РАБОТНИЦИ, СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ, ВОСПИТУВАЧИ И НЕГУВАТЕЛИ ВО СИСТЕМОТ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТАНИЕ НА ДЕЦА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ, НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКИТЕ, КАКО И ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА РАБОТА

Член 1

Во Правилникот за начинот на издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа на директори на установи за деца, стручни работници, стручни соработници, воспитувачи и негуватели во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, начинот на спроведување на обуките, како и за формата и содржината на образецот на лиценцата за работа („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/13 и 154/13), во член 2 став (2) алинејата 5 се менува и гласи:

„ - потврда дека со правосилна одлука не му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност сé додека траат последиците од забраната, "

По алинејата 5 се додаваат две нови алинеи 6 и 7, кои гласат:

„ –потврда дека не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност,

- потврда дека не му е изречена казна со правосилна судска пресуда со која е осудено за кривично дело за семејно насилство, одземање на малолетно лице, негрижа или злоставување на малолетно лице или родоскрнавење, за кривично дело од групата на дела против половата слобода, без оглед на изречената санкција и кај кое, во согласност со закон, е утврдено дискриминаторско однесување,".

Член 2

Членот 4 се менува и гласи:

„(1) За продолжување, односно обновување на лиценцата за работа, се поднесува барање за продолжување, односно обновување на лиценцата за работа до Комисијата, кон кое се приложуваат документите од член 2 став (2) алинеи 4, 5, 6, 7 и 8 од овој правилник, копија од претходно издадената лиценца и доказ за платен надомест за трошоците за продолжување односно обновување на лиценцата за работа.

(2) По доставување на барањето од став (1) на овој член, а најдоцна до моментот на разгледување на барањето, се поднесува и доказ за спроведена едукација согласно закон и доказ издаден од Комисијата со кој се констатира дека по извршената проверка лицето успешно го применува стручното знаење.

(3) Врз основа на доставената документација од ставовите (1) и (2) на овој член, Комисијата откако ќе утврди дека се исполнети условите од Законот за заштита на децата доставува предлог до министерот за продолжување, односно обновување на лиценцата за работа."

Член 3

Во член 6  во ставот (1)  зборовите „во сопствениот дом и во домот на родителите на детето“ се бришат.

Ставот (3) се менува и гласи:

“(3) По завршување на обуките за едукација на посетителите се извршува проверка за успешно применување на стручното знаење.“

Член 4

Во членот 7 зборовите „во сопствениот дом“ се  заменуваат со зборовите „во просторот во кој  вршат одредени работи од дејноста згрижување и  воспитание на деца  како професионална дејност“.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-9267/4
17 септември 2018 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Мила Царовска**, с.р.